EVN

**Политика за однос со вработени во ЕВН**

**Цели**

Свесни сме за влијанието што нашите активности го имаат врз нашите вработени и ја сфаќаме нашата одговорност за нивна заштита со најголема сериозност. Оваа политика служи како водич за нашите напори за идентификување, оценување и управување со материјалните влијанија, ризиците и можностите поврзани со нашите вработени. Исто така, ги дефинира принципите и процедурите за вклучување релевантни групи од интерес. Во нашиот фокус е почитување на вработените преку сите канали на комуникација, притоа особено имајќи го предвид одржливиот развој на ЕВН.

Оваа заложба е во согласност со Водечките принципи на Обединетите нации за бизнис и човекови права, Меѓународната декларација на Организација на трудот (МОТ) за основните принципи и права на работа и водечките принципи на ОЕЦД за мултинационални претпријатија како и Кодексот на однесување на ЕВН, Политиката за човекови права на ЕВН, Изјава за мисијата на раководниот кадар на ЕВН и сите поврзани законски прописи и политики. Нашата цел е не само да ги исполниме, туку – секаде каде што е можно – да ги надминеме законските барања.

**Област на важење**

Оваа политика се однесува на сите материјални и одржливи деловни активности во ЕВН што ги вклучуваат и вработените во компанијата како што е дефинирано со Европските стандарди за известување за одржливост ESRS S1.

При овие принципи на однесување и насоки за дејствување, се концентрираме на темите што за време на годишното ажурирање на анализата на материјалноста се идентификувани како фокусни теми.

**Принципи на однесување**

Спроведувањето на нашиот ангажман за нашите вработени и сите активности поврзани со вработените, се заснова на следниве принципи на однесување:

→ <u>Различност и еднакви можности:</u> Ние се залагаме за еднакви можности, родова еднаквост и правичност на работното место. Силно сме посветени на забрана на каква било форма на принудна работа, трговија со луѓе, модерно ропство и отфрлање на секоја форма на детска работа.

→ <u>Комуникација со почит:</u> Охрабруваме атмосфера на комуникации со почит и постојан дијалог во Друштвото и даваме поддршка на активното учество на нашите вработени и засегнати групи во нашите процеси на одлучување.

→ <u>Одговорен работодавач:</u> Нудиме работа со јасна цел и значење и широк спектар на можности за професионален и личен напредок. Притоа, полагаме особена вредност на атрактивно работно опкружување со работни услови што се фер и приспособени на соодветните предизвици.

→ <u>Усогласеност:</u> Се обврзуваме да работиме во согласност со сите релевантни законски прописи и стандарди, како и со внатрешните политики и процеси. Каде што е можно, се стремиме да ги надминеме соодветните задолжителни барања.

EVN

## Приоритетни насоки за дејствување

Вработените играат централна улога во стратегијата на ЕВН и затоа ги утврдивме следните приоритетни насоки за дејствување:

→ Ја поддржуваме различноста и еднаквите можности преку создавање разновидна работна средина и имплементирање неопходни мерки против дискриминација и за заштита на ранливите групи вработени. ЕВН, како работодавач, отфрла каква било форма на принудна работа, трговија со луѓе и модерно ропство. Покрај тоа, ние не толерираме каква било форма на детска работа.

→ Гарантираме дијалог со почит и континуирана размена со нашите вработени, како и со директно и индиректно вклучените групи од интерес, преку широк опсег на канали за комуникација. На овој начин можеме да ги адресираме нивните грижи и очекувања во нашите тековни процеси за давање повратни информации.

→ Како одговорен работодавач, на нашите вработени им нудиме атрактивна, стабилна работна средина со фер услови за работа, соодветни надоместоци и мерки за унапредување на здравјето.

→ Нашите вработени редовно се обучуваат, а нудиме и многубројни можности за дополнително образование и учење што им помага да реагираат на постепено променливите барања и да отворат многу различни кариерни патеки низ постојана квалификација и развој на вештини.

→ Преземаме обемни мерки и создаваме понуди за да ги поддржиме нашите вработени што е можно подобро во воспоставување рамнотежа помеѓу професионалниот и приватниот живот.

→ Редовно ги идентификуваме и ги проценуваме влијанијата, ризиците и можностите на нашите активности во однос на нашите вработените, со цел спроведување на соодветните мерки во рана фаза.

## Одговорност

Управниот одбор на ЕВН Македонија АД Скопје го претставува највисокото раководно ниво кое е одговорно за спроведување на оваа политика.

**Управен Одбор на ЕВН Македонија АД, Скопје**